Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-4236/22
07.07.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, што го утврди на седницата, одржана на 1 јули 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а за повереник Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.07.02 13:15:38 +02:00

Подготвил: Христијан Николов, 02.07.2025
Проверил: Никола Пасков, 02.07.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 02.07.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 02.07.2025

Одобрил: Хасим Муртезани,
Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Hasim Murtezani
Date: 2025.07.02 12:55:27 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.07.2025 12:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=8ddd021e-6d62-42d9-9a56-c66fba965e0e&docSharePointURL=/materijali/2025/638810098701889043/Documents/act.docx&materialId=750f0e6e-8be8-49b3-bb44-dc8b10d44b78 |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Претставници: | м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и<br><br>м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини |
| Повереник: | Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини |

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за метрологијата

Скопје, јули 2025 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 147/24) се уредува метролошкиот систем во Република Македонија; надлежноста на Бирото за метрологија; законските мерни единици; еталоните; референтните материјали; прометот и употребата на мерилата; оцената на сообразноста на типот на мерилата; оцена на сообразноста на мерилата и суштествените барања; верификација на мерилата; важноста на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло; метролошкиот надзор над количините и ознаките на количините на пакуваните производи; надзорот над примената на овој закон и други прашања од значење за метролошкиот систем заради обезбедување мерно единство во Републиката и со светот.

Со предложениот закон се врши изменување на општите услови за именување на директор на Бирото за метрологија во однос на сертификатот, односно уверението со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија, на најмалку ниво Б2 (B2), објавувањето во дневни весници и обврската за усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), се додаваат членови за разрешување на директорот, се додаваат одредби за составот на Метролошкиот совет како стручно и советодавно тело на Бирото во областа на метрологијата, со точно определени надлежни институции кои ќе ги предлагаат членовите и претседателот и се дополнуваат одредби за финансирањето на Бирото.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата се заснова на истите цели и начела на кој се заснова и Законот за метрологијата и со ова законско решение ќе се создаде правен основ за подобро остварување на функцијата на Бирото за метрологија како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за вршење на стручните и другите работи во областа на метрологијата утврдени со овој и со други закони и Метролошкиот совет како стручно и советодавно тело на Бирото во областа на метрологијата и со истиот се врши усогласеност со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за метрологијата

Член 1

Во Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 147/24), во член 4 во ставот 4 зборот „три“ се заменува со зборот „два“.

Во став 5 точка 5) во воведната реченица зборовите „ не постар од пет години“ се бришат.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ на крајот од реченицата се заменува со запирка.
Во алинејата 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:
„- сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.“.

Ставот 6 се брише.

Член 2

По членот 4 се додаваат два нови члена 4-а и 4-б кои гласат:
„Член 4-а
На директорот на Бирото престанува мандатот:
1) со истекот на мандатот;
2) со исполнување на условите за пензија и
3) во случај на смрт.

Владата на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини го разрешува директорот на Бирото пред истекот на мандатот во следните случаи:
1) на негово барање;
2) ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата;
3) ако е избран или именуван на друга јавна функција;
4) ако со правосилна судска одлука е осуден за кривично дело со казна затвор или му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
5) ако два последователни годишни извештаи за реализација на Годишна програма за одржување и развој на метролошкиот систем од министерот за енергетика, рударство и минерални суровини се оценети негативно и
6) ако не постапува во согласност со закон и општите акти на Бирото.

Член 4-б

Директорот на Бирото:
1) го претставува и застапува Бирото, пред надлежните органи на Република Северна Македонија;
2) ги презема сите правни дејствија во име и за сметка на Бирото;
3) организира и обезбедува законито, ефективно и ефикасно вршење на работите и задачите во Бирото;

4) одлучува за правата и обврските на вработените во Бирото согласно со закон;
5) ги донесува актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на Бирото;
6) донесува финансиски, односно стратешки документи за работа на Бирото, како и го организира нивното спроведување;
7) ја доставува Предлог Годишната програма за одржување и развој на метролошкиот систем на согласност до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а по добивање на согласноста од министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ја доставува до Владата на Република Северна Македонија за нејзино донесување;
8) доставува полугодишен и годишен извештај за спроведување на Годишната програма и за работата на Бирото, до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и
9) врши други работи од надлежност на Бирото утврдени со закон.

Директорот на Бирото најдоцна до 1 декември во тековната година за наредната година до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини доставува Годишен план за работа на Бирото.

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна до 15 декември во тековната година дава писмена согласност на Годишниот план за работа на Бирото.

Врз основа на Годишниот план за работа на Бирото, директорот најдоцна до 1-ви во месецот, донесува месечен план за работа на Бирото.

Директорот на Бирото најдоцна до 31 јули во тековната година доставува до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини полугодишен извештај, а до 31 јануари во тековната за претходната година годишен извештај за работата на Бирото.

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини дава мислење на извештаите од ставот 5 на овој член најдоцна до 31 август во тековната година за полугодишниот извештај, односно до 28 февруари во наредната година за годишниот извештај. Мислењето содржи наоди, насоки и препораки за подобрување на работењето на Бирото.“.

Член 3

Членот 5 се менува и гласи:
„Заради одржување и развој на метролошкиот систем во Република Северна Македонија, Бирото најдоцна до 1 декември во тековната година доставува на согласност до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини Предлог на Годишна програма за одржување и развој на метролошкиот систем за наредната година.

По добиената согласност од ставот 1 на овој член, Бирото ја предлага Годишната програма за одржување и развој на метролошкиот систем за наредната година до Владата на Република Северна Македонија, која ја донесува најдоцна до 31 декември во тековната година.

Во Годишната програма од ставот 2 на овој член се утврдуваат начинот на остварувањето на следливоста на мерните единици и нивна дисеменација и финасиските средства потребни за нејзино реализирање, како и целите и задачите на Бирото за годината за која се однесува Годишната програма.

За спроведувањето на Годишната програма од ставот 2 на овој член, Бирото најмалку два пати во годината поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.“.

Член 4

Членот 8 се менува и гласи:
„Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, со решение формира и разрешува Метролошки совет (во натамошниот текст: Совет).

Советот претставува стручно и советодавно тело на Бирото од областа на метрологијата и го сочинуваат претседател и осум членови и тоа:
1. два члена на предлог на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (научна заедница) и/или Македонската академија на науките и уметностите од кои едниот се именува за претседател на Советот;
2. два члена на предлог од Министерство за економија и труд;
3. два члена на предлог од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и
4. по еден член на предлог од:
- Бирото,
- бизнис, односно деловна заедница и
- телата за оцена на сообразност од областа на метрологијата.

Претседателот и членовите на Советот се лица со стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, односно VIA ниво од Македонската рамка на квалификации, имаат познавања од областа на метрологијата или учество во меѓународни или домашни проекти поврзани со метрологијата.

Мандатот на претседателот и членовите на Советот е четири години, со можност за повторно именување.

На претседателот и на членовите на Советот им следува паричен надоместок за нивната работа и учество во Советот, врз основа на учеството на седници и изготвени стручни мислења и предлози, кој не го надминува износот од една десетина од просечна месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија, според податоците од Државниот завод за статистика за месецот за кој се врши исплатата.

Начинот на работа на Советот поблиску се уредува со Деловник за работа.

Советот најдоцна до 31 март во тековната, за претходната година поднесува годишен извештај за својата работа до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Постапката за именување на претседател и/или член на Советот започнува најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претседателот и/или членот со поднесување на барање од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини до институциите од ставот 2 на овој член за предлагање на претседател и/или член на Советот.

Доколку постапката за именување на претседателот и/или членот на Советот, не започне во рокот од ставот 8 на овој член, претседателот и/или членот продолжува да ги

извршува работите во Советот до именувањето на нов претседател и/или член, но не подолго од шест месеци од истекот на рокот од ставот 4 на овој член. “.

Член 5

Во член 20 во ставот 9 зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 6

Во член 20-а во ставот 2 зборовите „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 7

По членот 37 се додава нова глава IX-а и нов член 37-а кои гласат:

„IX- а ФИНАНСИРАЊЕ НА БИРОТО

Член 37-а

Уплатените средства за финансирање на Бирото се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени приходи од наплатениот надомест за услугите кои ги врши Бирото.

Надоместок за услугите од ставот 1 на овој член се уплатува на уплатна сметка во рамките на трезорската сметка од која се распределуваат 50% на сметка на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини – Биро за метрологија и 50% на сметка на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Средствата остварени од наплата на надоместокот за услуги од ставот 2 на овој член кои се приход на Бирото се користат за унапредување и развој на метролошкиот систем во Република Северна Македонија.“.

Член 8

Во член 44-а во ставот 1 зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот 2 зборовите „Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 9

Метролошкиот совет формиран согласно Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 147/24) продолжува со работа до формирањето на нов Метролошки совет согласно одредбите од овој закон.

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини формира Метролошки совет согласно одредбите од овој закон во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Уплатените средства од наплата на надоместокот за услугите што ги врши Бирото кои се на сметка на Бирото до денот на влегувањето во сила на овој закон во висина од 50%, Бирото ги пренесува на сметка на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, без притоа да се наруши нормалното функционирање на Бирото.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕТРОЛОГИЈАТА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
Со член 1 од Предлогот на закон изменување на општите услови за именување на директор на Бирото за метрологија во однос на поседување сертификат и/или уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија, на најмалку ниво Б2 (B2) и за објавувањето во дневните весници на огласот.

Со член 2 се додават два нови члена за уредување на законски основ за разрешување на директорот и неговата надлежност.

Во членот 3 се менува членот 5 и со истиот се уредува обврската за Годишна програма за одржување и развој на метролошкиот систем, во која се утврдуваат начинот на остварувањето на следливоста на мерните единици и нивна дисеменација и финасиските средства потребни за нејзино реализирање, како и целите и задачите на Бирото за метрологија за годината за која се однесува програмата.

Со член 4 се одредби за формирање на Метролошкиот совет како стручно и советодавно тело на Бирото од областа на метрологијата.

Во членовите 5, 6 и 8 се врши усогласување на називот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен со Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во член 7 се додава нова глава со која се уредува финансирањето на Бирото.

Со член 9 се преодни одредби за метролошкиот совет.

Со членот 10 е преодна одредба за префрлање на средствата од Бирото на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Со членот 11 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ
Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА
Со предложеното законско решение се доуредуваат одредби од Законот во однос на надлежноста и разрешувањето на директорот на Бирото за метрологија, за именување на членовите на Метролошкиот совет и начинот на финансирање на Бирото.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ
ОД ЗАКОНОТ ЗА МЕТРОЛОГИЈАТА ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

Член 4

За вршење на стручните и другите работи во областа на метрологијата утврдени со овој и со други закони се основа Биро за метрологија (во натамошниот текст: Биро), како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Бирото има својство на правно лице. Со Бирото раководи директор.

Директорот на Бирото го именува и разрешува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

За именување на директорот на Бирото се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и трае 15 дена од денот на објавувањето.

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови и тоа:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има најмалку пет години работно искуство во областа на метрологијата;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Директорот за работата на Бирото доставува полугодишен и годишен извештај до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини. Полугодишниот извештај се доставува најдоцна до 30 јули во тековната година, а годишниот извештај до 31 март во тековната за претходната година.

Член 5

Заради одржување и развој на метролошкиот систем во Република Македонија, Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, донесува годишна програма, во која, покрај стратешките активности во областа на метрологијата, се утврдуваат и целите и задачите на Бирото за метрологија за годината за која се однесува програмата.

За спроведувањето на Програмата од ставот 1 на овој член, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, најмалку двапати во годината поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

Степенот на реализација на стратешките активности, целите и задачите од годишната програма од ставот 1 на овој член се услов за разрешување на директорот на Бирото за метрологија.

Предлогот за разрешување на директорот на Бирото за метрологија во случајот од ставот 3 на овој член, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини заедно со извештајот за реализацијата ги доставува до Владата.

Член 8

Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини формира Метролошки совет (во натамошниот текст: Совет), кој ќе работи како стручно и советодавно тело на Бирото во областа на метрологијата.

Советот е составен од претседател и членови, кои со решение ги именува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, по принципот на стручност и компетентност и рамноправна застапеност на сите заинтересирани субјекти од метролошкиот систем.

Претседателот и членовите на Советот се именуваат за време од четири години.

За работата во Советот, на претседателот и на членовите им следува соодветен надоместок, што го определува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

За своето работење Советот најмалку еднаш годишно поднесува извештај до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Член 20

Оцената на сообразноста ја врши Бирото или правно лице овластено од министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Со техничките прописи што ги донесува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, односно министерот во чија надлежност утврдена со закон се работите поврзани со одделни категории мерила се определуваат условите кои треба да ги исполнуваат правните лица што вршат оцена на сообразност, а се однесуваат на:
- соодветен стручен кадар, просторна и техничка опременост,
- независност и непристрасност во однос на субјектите кои се непосредно или посредно поврзани со производот чија сообразност се оценува,
- доверливост во работата,
- одговорност за извршената работа,
- осигурување од професионална одговорност,
- услови кои треба да ги исполнуваат правните лица за вршење на оценка на сообразност утврдени во техничките прописи.

Барањето за добивање на овластување за вршење на оцена на сообразност се поднесува до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Кон барањето од ставот 3 на овој член правното лице треба да достави:
1) решение за упис во трговскиот регистар;
2) доказ дека има склучено договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на работи за оцена на сообразност;
3) доказ за позитивен бонитет за вршење на дејност;

4) сертификат за акредитација;
5) доказ за вработеност на стручниот кадар и
6) предлог за овластување од Бирото за метрологија.

Овластеното службеното лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини кое ја води постапката за овластување за оцена на сообразност по службена должност ги прибавува доказите од ставот 4 точки 1), 3), 4), 5) и 6) на овој член од надлежен јавен орган, во рок од три дена од приемот на барањето од ставот 3 на овој член. За прибавување на доказот од ставот 3 точка 6) на овој член, овластеното службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини до органот за одобрување доставува копија од барањето и доставената придружна документација.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 4 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 4 на овој член.

Формата и содржината на барањето од ставот 3 на овој член ја пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Ако се утврди дека се доставени доказите од ставот 4 на овој член како и дека се исполнети условите од ставот 2 на овој член за вршење на оцена на сообразноста утврдени во техничките прописи и работите поврзани со одделни категории мерила, по претходна согласност на министерството или органот надлежен за донесување на прописот од соодветната област, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 15 дена од денот на прибирање на доказите од ставот 4 на овој член донесува решение за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност.

Против решението од ставот 8 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен.

Правните лица на кои им е издадено решение за овластување за оцена на сообразност се должни постојано да ги исполнуваат условите од ставот 2 на овој член кои се определени со техничките прописи.

Тела за оцена на сообразност кои ги задоволуваат стандардите усвоени од страна на Институтот за стандардизација на Република Македонија со кои се транспонираат европските хармонизирани стандарди чии библиографски податоци се објавени во „Службен весник на Република Македонија“ се смета дека ги исполнуваат условите утврдени во ставот 2 на овој член.

Правните лица од ставот 11 на овој член се должни да го известуваат Бирото за издадените сертификати и нивното повлекување за системите за квалитет и за постапките за оцена на сообразноста на секои шест месеци.

Член 20-а

Укинување на решение за овластување

Ако министерот за енергетика, рударство и минерални суровини утврди дека телото за оцена на сообразноста престанало да исполнува определен услов од членот 9 став 4 на

овој закон или кој било услов утврден со техничкиот пропис од членот 9 став 2 на овој закон ќе донесе решение со кое ќе го укине решението за овластување.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата од ставот 2 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

За донесување на решението од ставот 1 на овој член министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ќе ја информира Европската комисија, ако телото за оцена на сообразност е назначено (нотифицирано) во Европската комисија

Член 44-а

Против решенијата од членовите 43 и 44 од овој закон може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. По жалбата против решението на инспекторот, односно овластениот работник на Бирото за вршење на задачите и работите на инспекциски надзор, одлучува Државната комисија за одлучување во втор степен од обласста на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка. Комисијата од ставот 2 на овој член одлуката ќе ја донесе во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.